**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**, како првостепен кривичен суд, во совет составен од судијата Александра Ристеска, како Претседател на советот и судиите - поротници Славица Методиева и Маргарита Ивановска, како членови на советот, со записничар Васка Цветковска, постапувајќи по обвинителниот акт на ОЈО С. XXII КО.бр.5262/08 од 13.05.2014 година, поднесен против обвинетиот Д. Т. од С., за кривично дело - Тешка кражба од чл.236 ст.1 т.1 в.в. со чл.22 од КЗ, по одржаниот главен, јавен и усмен претрес во присуство на ЈО од ОЈО С. Светлана Никодијевиќ Матевска и обвинетиот Д. Т. приведен по наредба за стражарно приведување од ПС ОН Драчево, на ден 12.06.2018 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**Д. Т. со ЕМБГ ...** од татко В., мајка В., роден на ... година во С., каде и живее на ул. „ ... „ бр.2/2-10, Македонец, Државјанин на РМ, писмен со завршено средно образование, верен, нема деца, невработен, осудуван, не се водат постапки за други кривични дела.

**В И Н О В Е Н  Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 16.07.2008 година во 13,00 часот на ул.„...„ пред зградата бр.70 влез 2 во С. осудениот З. А. по претходен договор со обвинетиот Д.Т. за кого е раздвоена постапката и во заедница провалиле во патничкото возило „...„ ВЕ ... -БО, сопственост на фирмата „ ... „ В. управувано и паркирано од Б.И., на начин што осудениот З. А. со штрафцигер ја подотворил предната десна врата од возилото, а потоа обвинетите со рацете ја извиткале вратата во горниот дел кај прозорот, при кое се скршило прозорското стакло преку кое осудениот З. А. одзел од сувозачкото седиште плик со пари во износ од 23.150,00 денари и сметки сопственост на оштетениот Б.И. со намера противправно да ги присвои.

Со горните дејствија обвинетиот **Д. Т. од С.** сторил кривично дело – **Тешка кражба од член 236 став 1 т.1 в.в.чл. 22 од КЗ,** па Судот согласно овој член и членовите 4, 32, 33, 34, 35, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, на обвинетиот му изрекува алтернативна мерка

**УСЛОВНА ОСУДА**

Со која на обвинетиот му утврдува **КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 2 - ДВЕ ГОДИНИ** и истовремено определува дека вака утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од **5 –ПЕТ ГОДИНИ** сметано од правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

**СОГЛАСНО чл.89 и чл.92 од ЗКП, СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот да ги надомести трошоците на кривичната постапка, така што на име судски паушал да плати износ од 3.000,00 денари, согласно член 89 став 2 точка 6 од ЗКП, кои да ги плати на самостојната приходна сметка на судот бр.100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во износ од 3.210,00 денари, а кои се однесуваат за изготвен трошковник од МВР од 08.10.2008 година во износ од 1.500,00 денари и износ од 1.710,00 денари за настанати трошоци при приведување и спровод, се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно исполнение.

**СОГЛАСНО чл.102 од ЗКП**, судот за предјавеното оштетно побарување оштетениот Б.И. од С., го упатува на граѓански спор - парница.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основното јавно обвинителство од С. до овој суд поднесе обвинителен акт XXII КО.бр.5262/08 од 13.05.2014 година, прецизиран на главен претрес на 12.06.2018 година, против обвинетите З. А. и Д.Т., двајцата од С., и тоа обвинетиот З. А. за две кривични дела - Тешка кражба од чл.236 ст.1 т.1 од КЗ, две кривични дела - Кражба од чл.235 ст.1 од КЗ и обвинетите З. А. и Д. Т., за едно кривично дело – Тешка кражба од чл.236 ст.1 т.1 в.в. со чл.22 од КЗ.

Судот на ден 06.06.2018 година ја раздвои постапката за обвинетиот Д.Т. покрената со обвинителниот акт на ОЈО С., па на ден 12.06.2018 година закажа и одржа главен, јавен и усен претрес кој го одржа во присуство на Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство С. Светлана Никодијевиќ Матевска и обвинетиот Д. Т. приведен по наредба за стражарно приведување од ПС ОН Драчево, на кој го распита обвинетиот, па во продолжение на доказната постапка го

прочита исказот на оштетениот Б.И. даден на записник во истражна постапка КИ.бр.2/09 од 07.04.2009 година и изврши увид во писмените докази: фотодокументација бр.1915/08/2244.2.01-2183 од 08.10.2008 година и вештачење број СК-1419/2018 година од 07.02.2004 година на отпечаток од папиларни линии за лицето Д.Т. изработено од МВР – Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења.

По завршување на доказната постапка застапникот на обвинението во завршен збор врз основа на изведените докази во текот на главниот претрес најпрвин изврши прецизирање на диспозитивот на обвинителниот акт така да истиот да гласи: на страна 2 во точка 5, така што во третиот ред од почетокот од текстот „по претходен договор„ да стои следниот текст „осудениот З. А. и обвинетиот Д. Т.„. Потоа во шестиот ред наместо зборот „обвинетиот„ да стои зборот „осудениот„, да продолжи со текстот „З. А.„, потоа во осмиот ред наместо зборот „обвинетите„ да стои следниот текст„ осудениот З. А. и обвинетиот Д.Т.„. Понатаму во десетиот ред наместо зборот „обвинетиот„ да стои зборот „осудениот„, продолжува со текстот З. А. до крајот на диспозитивот.

Јавниот обвинител во својот завршен збор исто така наведе дека имајќи ги во предвид изведените докази на главниот претрес, а пред се вештачењето од МВР – Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења број СК-1419/2018 година од 07.02.2004 година неспорно произлегува дека трагите од папиларните линии означени со број 1 пронајдени и фиксирани при увидот за кривичното дело под точка 5 потекнуваат од дланка на левата рака од обвинетиот Д.Т., па имајќи го во предвид и признанието на обвинетиот Д.Т. му предложи на судот истиот да го огласи за виновен за кривично дело – Тешка кражба од чл.236 ст.1 т.1 в.в. со чл.22 од КЗ и да го осуди согласно законот, а при одмерување на видот и висината на кривичната санкција да ги цени сите околности од чл.39 од КЗ при што како отежнувачки околности му посочи на судот да ги цени фактите што обвинетиот е досега осудуван, истиот е склон кон вршење на ваков вид кривични дела, а како олеснителни да ја земе во предвид неговата семејна, материјална и здравствена состојба, како и околноста дека не се води постапка за друго кривично дело и согласно ова да му одреди кривична санкција со која ќе бидат постигнати целите на казнување од чл.32 од КЗ.

Обвинетиот Д.Т. во својот завршен збор наведе дека се кае за стореното, вети дека во иднина нема да врши вакви или слични кривични дела, побара судот поблаго да го казни бидејќи е во влошена здравствена состојба за што на судот му достави како доказ медицинска документација, како и од причина што сака да продолжи еден нормален живот.

**СОГЛАСНО чл.89 и чл.92 од ЗКП, СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот да

ги надомести трошоците на кривичната постапка, така што на име судски паушал да плати износ од 3.000,00 денари, согласно член 89 став 2 точка 6 од ЗКП, кои да ги плати на самостојната приходна сметка на судот бр.100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во износ од 3.210,00 денари, а кои се однесуваат за изготвен трошковник од МВР од 08.10.2008 година во износ од 1.500,00 денари и износ од 1.710,00 денари за настанати трошоци при приведување и спровод, се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно исполнение.

**СОГЛАСНО чл.102 од ЗКП**, судот за предјавеното оштетно побарување оштетениот Б.И. од С., го упатува на граѓански спор - парница.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**
**I К.бр.1162/18 од 12.06.2018 година**

**ЗАПИСНИЧАР** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ-СУДИЈА**
**ВАСКА ЦВЕТКОВСКА с.р.** **АЛЕКСАНДРА РИСТЕСКА с.р.**

**НАПОМЕНА:** По објавување на пресудата Јавниот обвинител и обвинетиот се одрекоа од правото на жалба и целосно изготвување на пресудата, поради штописмено изработената пресуда не содржи образложение и истата стана правосилна со денот на донесувањето и објавувањето, согласно чл.374 ст.9 од ЗКП.

**ДН:**

- ЈО во ОЈО С.-Светлана Никодијевиќ Матевска, XXII КО.бр.5262/08 од 13.05.2014 година
- Обвинетиот Д.Т. ул.„ ... „ бр.2/2-10-С.
- оштетен Б.И. ул.„Сердарот-12„ бр.16 нас.Драчево - С.

**СУДИЈА**